Врз основа на член 18 став 1 алинеја 3 и член 20 став 1 алинеја 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23 и 55/24), а во врска со член 41 став 6 од истиот Закон, член 15 став 1 алинеја 3 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, во врска со Известувањето за промена на сопственичка структура на Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје, Уп1 бр.0204-74 од 23.02.2024 г., со дополнување од 29.02.2024 г. и од 15.03.2024 г., согласно Заклучокот на Советот арх.бр.02-1265/4 од 20.03.2024 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на првото продолжение на 9-та седница одржано на 20.03.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

1. СЕ ДОЗВОЛУВА промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје, и тоа:

- за истапување на правното лице Акционерско друштво ТВ Клан, со ЕМБС [redacted] и адреса на ул.„[redacted]“ бр. [redacted], [redacted], [redacted] и

- за пристапување на физичкото лице [redacted] [redacted], со ЕМБГ [redacted], број на патна исправа [redacted] и адреса на ул.„[redacted]“ бр. [redacted], [redacted], [redacted].

2. Се задолжува Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје, по извршената промена наведена во точка 1 на оваа Одлука, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достави актуелна тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Трговското радиодифузно друштво (ТРД) КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје, согласно член 41 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) и Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура („Службен весник на Република Македонија“ бр.171/14), со Известување за промена на сопственичка структура Уп1 бр.0204-74 од 23.02.2024 г., ја извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) за неговата намера да спроведе промена на сопственичката структура на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје.

При увид во доставената документација беше констатирано дека истата не е уредна. Поточно, во нотарските заверки на доставените полномоштва (со кои ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје и физичкото лице [redacted] [redacted] од [redacted], [redacted] - кое пристапува во сопственоста на телевизијата, го овластуваат адвокатот Зеќир Зеќири од Скопје да презема дејствија во врска со постапката за промена на сопственоста на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје) беше наведено дека физичкото лице [redacted] [redacted] е од „[redacted], [redacted]“ и дека неговата патна исправа е „издадена од МВР Скопје“, додека на сите други места каде се наведени податоци за ова физичко лице, стои дека тоа е од Република Косово, а неговата патна исправа е „издадена од надлежен орган во Република Косово“. За наведеното радиодифузерот беше известен со Допис – Информација за неуредно Известување за промена на сопственичка структура Уп1 бр.0204-74 од 27.02.2024 г., при што беше побарано од него да го доуреди предметното Известување.

---

[1]Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија” бр.248/18).

Во врска со тоа, од страна на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје преку полномошник адвокат [redacted] од [redacted] до Агенцијата беше доставено дополнување (Уп1 бр.0204-74 од 29.02.2024 г.), односно доставени беа полномоштва со коригирана нотарска заверка.

Агенцијата со цел да испита дали со предложените промени на сопственичката структура на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје би се создала недозволена медиумска концентрација, односно дали тие се спротивни на забраните од членовите 34, 35 став 2 или 38 од ЗАВМУ, преку интернет Дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Северна Македонија (РСМ), обезбеди: „Информација за поврзани субјекти (овластени лица, органи на управување, сопственици во други субјекти) – тековна состојба“, број 0820-50/150020240081739, број 0820-50/150020240081819 и број 0820-50/150020240081865 сите од 04.03.2024 г., од кои е видно дека физичкото лице Фатон Шоши се јавува како: управител на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје (овој радиодифузер не се јавува како основач на трговски друштва) и основач на Друштвото за новинарство, издавачка дејност и услуги ИНДЕКС ОНЛИНЕ ДОО увоз-извоз Скопје – во ликвидација, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 63.12 – Интернет портали (ова правно лице не се јавува како основач на трговски друштва).

Дополнително, Агенцијата изврши проверка и во Регистарот на вистински сопственици кој го води Централниот регистар на РСМ, од каде што го обезбеди документот „Тековна состојба за физичко лице - вистински сопственик“, број 2007-50/150020240081895 од 04.03.2024 г., од којшто беше констатирано дека лицето [redacted] не е евидентирано како вистински сопственик на ниту еден правен субјект.

На 15.03.2024 г. од страна на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје беше доставено дополнување на Известувањето за промена на сопственичка структура Уп1 бр.0204-74 од 15.03.2024 г., кон кое беа приложени нови изјави, лично дадени пред нотар од страна на физичкото лице [redacted] кое пристапува кон сопственоста и кое е одговорно лице на радиодифузерот, со што се утврди дека предметното Известување е комплетно и уредно, односно ги содржи сите податоци и документи утврдени во Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичка структура.

По извршената промена на сопственичка структура, единствен сопственик на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје ќе биде физичкото лице [redacted], со ЕМБГ [redacted], број на патна исправа [redacted] и адреса на ул.„[redacted]“ бр. [redacted], [redacted], [redacted]

Со оглед дека Агенцијата констатираше дека со спроведувањето на промената на сопственичката структура на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на ЗАВМУ, односно дека оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 и 38 од истиот Закон, по поднесеното Известување за промена на сопственичката структура Уп1 бр.0204-74 од 23.02.2024 г., со дополнување од 29.02.2024 г. и од 15.03.2024 г., Советот на Агенцијата, донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр.02-74**

**21.03.2024 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ с.р.**

**Правна поука**: Против оваа одлука радиодифузерот, доколку не е задоволен од истата, има право во рок од 30 дена од денот на доставувањето на одлуката да поднесе тужба за поведување на управен спор до надлежниот суд.